**Известување за концентрација со којасо која ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје, Северна Македонија и ПЕ-ВЛА-КУ ШПК Албанија ќе стекнат заедничка контрола над СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје и над СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје**
**(предмет бр. 08-80/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Друштво за производство, трговија и услуги ТХОР ИНДУСТРИЕС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Филип Втори Македонски 3/11 кат, Скопје, Северна Македонија и **ПЕ-ВЛА-КУ ШПК** (*PE-VLA-KU SHPK*), со седиште на адресаНјесиа Башкиаке бр. 9, Ррука Музакет, Палатет Вокши, Хирја 1, Кати. 7, Тирана, Албанија ќе стекнат заедничка контрола над **Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3 Соравиа/Центар Скопје, Северна Македонија и над **Друштвото за градежништво и услуги СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје**со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.3, Скопје, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ТХОР ИНДУСТРИЕС** е друштво основано во 2020 година, според законите на Северна Македонија. Основната дејност на ТХОР ИНДУСТРИЕС регистрирана во Трговскиот регистар на Северна Македонија е: развој на градежни проекти.

ТХОР ИНДУСТРИЕС има подружница во Северна Македонија – ТХОР ИТ СИСТЕМС Скопје со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3/11кат, Скопје - Центар, која врши компјутерско консултантски дејности.

**ПЕ-ВЛА-КУ** е една од најголемите градежни компании во Албанија и Косово, основана во 2005 година. Во своето постоење, а особено во последните години, ПЕ-ВЛА-КУ има планирано и успешно реализирано десетици градежни проекти. ПЕ-ВЛА-КУ има направено успешни чекори во слободната пазарна економија и со своите проекти беше дел од развојот на двете земји. Со искуство од над 14 години, нивната работа, работење и делување се проширува и тие се присутни во многу зони на Албанија и Косово.

Во Северна Македонија, ПЕ-ВЛА-КУ има присуство преку својата подружница ПЕ-ВЛА-КУ Тирана, Албанија – Подружница во Република Северна Македонија Скопје, со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр. 3-11/, Скопје, Северна Македонија и ЕМБС 7591411, со регистрирана дејност: развој на градежни проекти.

**СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје**е друштво со ограничена одговорност основано во 2006 година, со регистрирана дејност во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија: издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот

земен под закуп (лизинг). **СОРАВИА ИНВЕСТ ДООЕЛ Скопје**е сопственик на Бизнис Центарот Соравиа кој се наоѓа во Скопје на ул. Филип Трети Македонски бр.3, Скопје – Центар.

**СОРАВИА МЕНАЏМЕНТ ДООЕЛ Скопје** е друштво со ограничена одговорност основано во 2006 година, со регистрирана дејност во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија: управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор и дејствува како давател на услуги за управување на Бизнис Центарот Соравиа.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

15.06.2023 година
Скопје